Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје, го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**

**Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:**

## Јавна презентација и Јавна анкета

**на Предлог урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Планскиот опфат **на УПВНМ Веле Поле**, Општина Ѓорче Петров е дефиниран со следни граници на плански опфат:

Границата започнува од оската на обиколницата во КО Волково, оди кон северозапад по јужната граница на КП 2043/2 се до тромеѓето на КП2043/2, 2054 и 2055, , одтука скршнува кон југозапад по западната граница на КП 2054 и 2056/2 се до границата со КО Кучково, продолжува кон југозапад по југоисточната граница на КП3421/2, 3413/1, 3413/2 се до тромеѓето на КП3428, 3438/2 и 3440, скршнува кон северозапад по северната граница на КП3440 се до првата прекршна точка, од тука врти кон југозапад, ја сече КП3440 и оди се до КП3397/1, од тука продолжува кон југ по источната и јужната граница на КП 3397/1 се до тромеѓето на КП3397/1, 3611/1 и 3612/1. оди кон север по западната граница на КП3612/1, потоа скршнува кон запад по југозападната граница на КП 3397/3 и КП3397/1 ја сече КП4519(пат) се до тромеѓето на КП4519, 3634 и 3633, врти кон запад по северната граница на КП3633 се до тромеѓето на КП3633, 3634 и 4490(поток), скршнува кон југ по источната граница на КП4490(поток) се до тромеѓето на КП4490, 3621 и 3618, од тука врти кон запад по јужните граници на КП 3673, 3672 и 3666 се до четворомеѓето на КП 3666, 3665, 3667 и 3663, врти кон југ по источните граници на КП 3663 и 3662 се до тромеѓето на КП3662, 3658/1 и 3905(пат), врти кон запад по јужната граница на КП3662 се до КП3905(пат) кој истовремено е и граница со општина Сарај. Потоа по општинската граница се спушта кон југ се до границата меѓу КП 4085 и 4145, продолжува кон југ по источните граници на КП 4145, 4144, 4143, 4142, 4140, 4139, 4137, 4135, 4127, 4128/2 продолжува кон југ по западните граници на КП 1920, Ко Кучково, се до тромеѓето на КП 1920, 1874 и 1878, врти кон југозапад по северните граници на КП 1878, 1921, 1922, 1923, 1928, 1929 и 1933 ср до 1932 и излегува на границата со општина Сарај, скршнува кон

југоисток и по општинската граница се спушта се до оската на северната обиколница. Од тука се движи кон север по оската на обиколницата се до почетната точка во КО Волково.

Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 255,62ha.

Во рамки на површината на овој плански опфат изземени се групации на катастарски парцели со вкупна површина од 4.68 ха, со намена шума и земјоделско земјиште кои по разни основи не се пренаменети во градежно земјиште.

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува 250,94ха.

**Јавната анкета ќе трае 5 работни од 19.04.2019год. до 25.04.2019год**., согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

Во периодот на јавна анкета и јавна презентација Предлог урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров-Скопје ќе биде изложен во просториите МЗ Ново Село, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од 08.$^{00}$ до 16.$^{00}$ часот.

Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 22.04.2019 год. во 13$^{00}$ часот во просториите на МЗ Ново Село, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 22.04.2019год. во 15$^{00}$ часот во просториите на МЗ Ново Село.

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставaт забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број 09-1313/2**
**од 15.04.2019 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник**
**Александар Наумоски**